Бр./Nr 12-2139/6

20-01-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 59-тата седница одржана на 14.01.2022 година ја донесе следната

*О Д Л У К А*

Постапката по предметот број 12-2139 од 2021 година, оформен по доставена пријава против службеното лице --------------- градоначалник на Општина --------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

До Општина ----------------- ќе се достави Препорака од надлежното постапување на ДКСК.

Предметот со број 12-2139 од 2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Од страна на непознат подносител, на ден 09.06.2021 година, поднесена е пријава против службеното лице --------------- градоначалник на Општина ------------- и оформен е предмет број 12-2139 од 2021 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи дека градоначалникот ги вработил неговите блиски лица, шура, братучед и други членови на неговото семејство, а исто така и дека врши злоупотреба на службените возила во сопственост на Општина -------------.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК испрати Барање за доставување на информации до Општина -------------- со цел да биде обезбедена целокупната документација за спроведените постапки за вработување во општината во последните две години, како и барање за доставување на акт - процедура доколку ја поседуваат,а во врска со користењето и располагањето на службените возила кои се во сопственост или дадени на располагање на општината.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во законски определениот рок, Општина ----------- достави одговор по барањето, во прилог на кое е доставена документација за спроведен еден јавен оглас во бараниот период.

Во врска со бараната процедурата за користењето на службените возила, ДКСК не доби документиран акт Процедура туку само објаснување во Одговорот по барањето, дека општината располага со три службени возила, а за користење на истите се поднесувал патен налог.

Исто така, наведено и дека едно од трите возила било наменето за спроведување на активностите на Градоначалникот, додека другите две биле наменети за општинската администрација за извршување на активностите во населените места на Општина -----------------. Меѓутоа, истите возила биле во неисправна состојба во период подолг од една година, за кои општината во моментот не била во финансиска состојба да ги поправи и стави во повторна употреба.

Од причина што во делот на прилог документацијата во врска со вработувањето на лице на работното место Советник во Одделението за финансии и буџет недостасуваше Правилник за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина ------------, ДКСК испрати повторно Барање заради обезбедување на истиот.

Општина -------------- повторно во законски определениот рок го достави бараниот акт, во кое, заедно со претходно прибавената документација може да се констатира дека работното место Советник во Одделението за финансии и буџет е опфатено во Правилникот за систематизација со утврдени услови кои подоцна се применети во текот на постапката за вработување на службеник преку јавен оглас.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување,и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: м-р К.З.
Одобрил: Б.И.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Горан Трпеноски**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk